# Крстарење по Карипско море

## MSC POESIA

## САД - Курасао - Аруба - Јамајка - Кајмански острови - Мексико

Мајами - Вилемстад - Орањестад - Очо Риос - Џорџ Таун - Козумел

Цена од: 3.990€

Денови: 15

Ноќевања: 12



## 1. Ден (11.01.2027) - Скопје - Истанбул

Состанок на патниците на аеродромот во Скопје во 18:00 часот. Полетување за Истанбул во 20:45 (лет ТК1006). Добивате оброк во авионот.

## 2. Ден (12.01.2027) - Истанбул - Мајами

Слетување во Истанбул во 00:15. Полетување за Мајами во 02:10 (лет ТК157). Добивате оброци во авионот. Слетување во Мајами  во  07:10 часот. По завршувањето на пасошките формалности, организиран полудневен разглед на градот. Во попладневните часови сместување во хотелот. Слободно попладне и одмор. **Ноќевање.**

## 3. Ден (13.01.2027) - Мајами

**Појадок.** Мајами е град кој се наоѓа во југоисточна Флорида, жив и разновиден и заради тоа го нарекуваат и „Волшебниот град". Мајами нуди богат спој на културни, историски и природни атракции. Од светски познати плажи до богат ноќен живот и уметнички сцени. Мајами пречека над 26.5 милиони посетители во изминатата година, придонесувајќи повеќе од 20 милијарди долари за локалната економија. Овој раст беше поттикнат и од зголемените воздушни пристигнувања и од рекордниот број патници на крстарења низ Порт Мајами. Мајами продолжува да биде водечка глобална дестинација, привлекувајќи милиони посетители секоја година. Мајами има повеќе од 800 паркови и е единствениот град на САД, опкружен со два национални парка: Национален парк "Biscayne" и Националниот парк "Everglades". Саут Бич, лоциран во јужниот дел на Мајами Бич, е познат по својата Арт Деко архитектура и богатиот ноќен живот. Најдобар начин за истражување на оваа област е да се движите пеш. Уметничкиот музеј на Перез во Мајами (PAMM) се наоѓа во музејскиот парк, нудејќи не само уметнички експонати, туку и прекрасни погледи на заливот Бискејн. Музејот "Vizcaya museum and gardens" секоја година го посетуваат повеќе од 170 000 посетители. Тој е поранешна вила и имот на на бизнисменот James Deering, изградена во медитерански стил со барокни елементи. Градината има исклучителна колекција на орхидеи, а музејот поседува многу антиквитети. Ноќниот живот во Мајами е легендарен, со опции кои се движат од луксузни ноќни клубови до опуштени салони. МАД КЛУБ Винвуд е лоциран во срцето на уметничката област во Мајами. Овој клуб комбинира луксуз со иновација, нудејќи врвни диџејски изведби во амбиент исполнет со уметност и енергична енергија. Тоа е одлично место за оние кои сакаат да го искусат најсовремениот ноќен живот во Мајами. Уште еден познат бар е и Хајбар Мајами. Овој бар на покривот го спојува гламурот на Студио 54 со погледот на океанот кој го одзема здивот, нудејќи бесконечен базен и музика во живо од четврток  до недела. Омилен е и за љубителите на сонце дење и на забавите ноќе. **Ноќевање.**

## 4. Ден (14.01.2027) - Мајами

**Појадок.** Одјавување од хотелот во 11 часот и трансфер до пристаништето. По завршување на формалностите  за пријавување на бродот, сместување во кабини. **Исплովување во 17:00 часот.**

## 5. Ден (15.01.2027) - Пловидба - ден на море

Слободен ден за уживање во содржините на бродот MSC POESIA.

## 6. Ден (16.01.2027) - Пловидба - ден на море

Бродот плови кон островот Курасао. Слободен ден за уживање во содржините на бродот MSC POESIA

## 7. Ден (17.01.2027) - Курасао

**Впловување во 08:00 часот. Курасао** е островска држава во јужниот дел на Карипското Море и една од четирите конститутивни земји во рамките на Кралството Холандија. Се наоѓа северно од брегот на Венецуела и зафаќа површина од околу 444 km². Главен и најголем град е **Вилемстад**, познат по својата колонијална холандска архитектура, која е впишана на списокот на светско наследство на УНЕСКО. Курасао има околу 150.000 жители, а официјални јазици се холандскиот, папјаменто и англискиот. Економијата се заснова на туризмот, финансиските услуги, трговијата и преработката на нафта. Островот е познат по белите песочни плажи, коралните гребени, кристално чистото море и богатото подводно живо богатство, што го прави една од најпопуларните туристички дестинации на Карибите  **Испловување во 18:00 часот.**

## 8. Ден (18.01.2027) - Аруба

**Впловување во 08:00 часот. Аруба** е островска држава во јужниот дел на Карипското Море и една од четирите конститутивни земји во рамките на Кралството Холандија. Се наоѓа северно од брегот на Венецуела и зафаќа површина од околу 180 km². Главен град е **Орањестад**, кој е административен, културен и туристички центар на островот. Аруба има околу 125.000 жители, а официјални јазици се холандскиот и папјаменто, додека англискиот и шпанскиот се широко распространети. Економијата главно се заснова на туризмот, кој претставува најважната стопанска гранка. Островот е познат по своите долги бели песочни плажи, тиркизното море, сончевата клима во текот на целата година и богатата туристичка понуда, поради што е една од најпосетуваните дестинации на Карибите. **Исловување во 18:00 часот.**

## 9. Ден (19.01.2027) - Пловидба - ден на море

Слободен ден за уживање во содржините на бродот MSC POESIA.

## 10. Ден (20.01.2027) - Очо Риос

**Впловување во 08:00 часот.** **Очо Риос** е град во парохијата на Портланд на северниот брег на Јамајка. Надвор од градот, патниците и жителите можат да го посетат паркот на Колумбо, каде што наводно Колумбо прв пат дошол. Тука можат се видат поморски артефакти и шпански колонијални згради. Ocho Rios е познат по својата тропска клима, со влажна сезона од мај до ноември, и сувата сезона од декември до април. Ocho Rios е познат по тоа што може да се најде широк спектар на накит и скапоцени камења. Најпопуларната туристичка атракција на Ocho Rios се “Dunn’s River водопадите. 600-метарскиот водопад им овозможува на посетителите да пливаат под водопадот, да се релаксираат во чистата вода и да се качат на "водените скали" кои се наоѓаат од страната на водопадите. Родното место и гробот на Боб Марли кој се наоѓа во ридовите над Ocho Rios се исто така отворени и достапни секојдневно за јавноста. Препорачуваме плажа Bamboo beach club која се резервира на самиот брод. **Исплoвување во 18:00 часот.**

## 11. Ден (21.01.2027) - Џорџ Таун

**Впловување во 08:00 часот. Џорџ Таун** е град кој се наоѓа на најголемиот Кајмански остров од групата Кајмански Острови. Тој служи како главен град на Кајмански Острови. George Town е популарна порта за повик за Карибите. Националниот музеј "Grand Cayman" во Џорџ Таун прикажува широк спектар на артефакти, самата зграда е артефакт бидејќи е најстарата зграда во Џорџ Таун. "Seven Mile Beach" е најпопуларната плажа со бел песок. Плажа "Boatswain" порано позната како фарма на желките претставува морски парк. Таа е дом на повеќе од 16 000 желки. Одреден дел претставува лагуна каде што посетителите можат да пливаат со желките и други морски животни. Препорачуваме: Прошетка низ Џорџтаун околу 2 часа, потоа плажа – Royal Palms Beach club на 7 miles beach (со доплата). **Исловување во 16:00 часот.**

## 12. Ден (22.01.2027) - Козумел

**Впловување во 10:00 часот.** **Козумел** е карипски остров надвор од полуостровот Јукатан во југоисточниот дел на Мексико. Cozumel е остров богат со историја, култура, забава и природна убавина. Има неверојатно бистра вода со видливост од 100-200m. Повеќето посетители патуваат во Cozumel поради нуркање која е една од главните атракции и да го видат прекрасниот подморски свет . Главни атракции се гребените. Cozumel се одликува со тропска клима. Централниот дел на островот претставува џунгла со голем број на диви животни. Препорака: Прошетка од околу 2 часа низ градот, потоа плажа. За љубителите на нуркањето ја препорачуваме Tortuga Beach (со доплата). За љубителите на песочна плажа и мексиканска храна препорачуваме Mr Sanchos Beach club (со доплата). **Исловување во 18:00 часот.**

## 13. Ден (23.01.2027) - Пловидба - ден на море

Слободен ден за уживање во содржините на бродот MSC POESIA

## 14. Ден (24.01.2027) - Мајами - лет за Истанбул

**Впловување во 07:00 часот.** Напуштање на бродот. Посета на Dolphin mall Outlet до времето предвидено за трансфер до аеродромот. Полетување од Мајами во 22:30 часот (лет TK078).

## 15. Ден (25.01.2027) - Истанбул - Скопје

Слетување во Истанбул во 18:00 часот. Полетување за Скопје во 20:30 часот (лет TK1005). Слетување во Скопје во 19:55 часот.

### Цена вклучува:

Авионски билети Скопје Истанбул Мајами Истанбул Скопје.
2 парчиња по 23кг чекиран багаж.
Рачен багаж до 8кг.
Разглед на Мајами на 12.01.2027
2 ноќевања во хотел **Hotel Riu Plaza Miami Beach** со 4* или сличен во Мајами, на база ноќевање со појадок во стандардни двокреветни соби.
10 ноќевања во балконски кабини на бродот **MSC POESIA** според програмата.
На бродот проширен полн пансион ( појадок, ручек, вечера, ужина), сите забавни програми и анимации, претстави во театар, влез во казино и дискотека, спортски активности, употреба на фитнес, сауни, базени и џакузи, лежалки околу базените.
Трансфери според програмата: аеродром – хотел; хотел – пристаниште – хотел; хотел – аеродром.
Придружник на групата.
Трошоци за организација на патувањето.